Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 2 мај 2024 година

Скопје, мај 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 2 мај 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 14:05 часот.

Со седницата претседаваше м-р Бојан Маричиќ, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Илир Демири, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Митко Бојмацалиев, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, Јована Тренчевска, дополнителен заменик на министерот за труд и социјална политика и Мики Крстев, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата не учествуваа м-р Талат Џафери, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Ѓоко Велковски, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски,

министер за транспорт и врски и м-р Наим Бајрами, министер за информатичко општество и администрација.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за статусот на подготовка на Реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со прилог-ажурирана Нацрт реформска агенда (статус 30.4.2024 година)

2. Информација за временската рамка за подготвување на фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2025-2029 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Информација во врска со барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка, со Анекс на Договор

6. Информација со Тарифа за изменување и дополнување на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на подготовка на Реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со прилог-ажурирана Нацрт реформска агенда (статус 30.4.2024 година) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја утврди ажурираната Нацрт реформска агенда 2024-2027 година, со статус 30.4.2024 година.

2. Се задолжуваат м-р Бојан Маричиќ, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и д-р Фатмир Бесими, министер за финансии веднаш да ја достават утврдената ажурирана Нацрт реформска агенда до Европската комисија.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за временската рамка за подготвување на фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2025-2029 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да ја измени веќе утврдената временска рамка за подготвување на фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2025-2029 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии, согласно со промената на временската рамка за подготвување на фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2025-2029 година, да подготви стратегија за управување со јавниот долг за 2025-2027 (со изгледи до 2029 година) и да ја достави до Владата заедно со фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2025-2029 година.

**<u>Точка 3</u>**

Владата заклучи:

1. Владата го разреши Авдуљ Селам Селами, од должноста вршител на должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија, поради истек на мандатот.

1.1 Владата го именува Авдуљ Селам Селами, за вршител на должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија, досегашен вршител на должноста директор на Бирото и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со

комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка, со Анекс на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр. 11-2142/1 од 26.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 4.11.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, најмалку до 3.1.2025 година.

Точка 6.

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата со Тарифа за изменување и дополнување на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:25 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Бојан Маричиќ**